**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
***Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје***
***Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466*** ***www.kzk.gov.mk*** *e-mail:* ***kzk@kzk.gov.mk***

Бр. 08-195/25

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 10 и член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 04/05, 70/06 и 22/07), постапувајќи во постапката поведена по службена должност против Авто Мото Сојуз на Македонија XXX[1] , Скопје, Трговско друштво АМСМ УСЛУГИ СТАНИЦА ЗА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД ДОО-Скопје XXX, Авто мото друштво ,,Брегалница,, Берово XXX, Авто мото друштво ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола XXX, Авто мото друштво ,,Виница,, Виница XXX, Авто мото друштво ,,Дичо Панов,, Гевгелија XXX, Авто мото друштво ,,Гостивар,, Гостивар XXX, Авто мото друштво ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци XXX, Авто мото друштво ,,Кичево,, Кичево XXX, Авто мото друштво ,,Лопен,, Кочани XXX, Авто мото друштво ,, Киро Бурназ,, Куманово XXX, Авто мото друштво ,,Охрид,, Охрид XXX, Авто мото друштво ,,Прилепец,, Прилеп XXX, Авто мото друштво ,,Пробиштип,, Пробиштип XXX, Авто мото друштво ,,Струга,, Струга XXX, Авто мото друштво ,,Стрела,, Струмица XXX, Авто мото друштво ,,Тетово,, Тетово XXX, Авто мото друштво ,,Штип,, Штип XXX, заради утврдување на постоење на забранет договор и/или договорена практика чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, на седницата одржана на ден 19.07.2010 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**1.Се утврдува дека**

- Авто Мото Сојуз на Македонија (АМСМ), Скопје ул. Иво Рибар Лола бр.51, Скопје,
- Авто Мото Друштво ,,Брегалница,, Берово, ул.Маршал Тито бр.4, Берово,
- Авто мото друштво ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола, ул. Арон Ароести бб, Битола,
- Авто мото друштво ,,Виница,, Виница, ул. Илинденска бб, Виница,
- Авто мото друштво ,,Дичо Панов,, Гевгелија, ул. Маршал Тито бр.2, Гевгелија,
- Авто мото друштво ,,Гостивар,, Гостивар, ул. Илинденска бб, Гостивар,
- Авто мото друштво ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци, ул.29-ти Ноември бр.36, Кавадарци,
- Авто мото друштво ,,Кичево,, Кичево, Магистрален пат бб, Кичево,
- Авто мото друштво ,,Лопен,, Кочани, ул. 29-ти Ноември бр.109, Кочани,
- Авто мото друштво ,,Охрид,, Охрид, ул.Лазо Трпоски бб Охрид,
- Авто мото друштво ,,Прилепец,, Прилеп ул. Моша Пијаде бр.230, Прилеп,

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

- Авто мото друштво ,,Пробиштип,, Пробиштип ул. Миро Барага бр. 1, Пробиштип,
- Авто мото друштво ,,Струга,, Струга, ул. Пролетерски Бригади бр.68, Струга,
- Авто мото друштво ,,Стрела,, Струмица, ул. Ленинова бр.94, Струмица,
- Авто мото друштво ,,Тетово,, Тетово, ул. Видое Смилевски Бато бб, Тетово и
- Авто мото друштво ,,Штип,, Штип, ул. Сутјеска бб, Штип, учествувале во забранет договор и/или договорена практика на начин што Авто Мото Сојуз на Македонија, Скопје доставувал одлуки и ценовници за цената на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила до сите Авто Мото Друштва, кои одлуки и ценовници горенаведените Авто Мото Друштва ги применувале директно или индиректно, преку носење на сопствени одлуки и ценовници со цени исти со оние утврдени од Авто Мото Сојуз на Македонија, со што директно ги фиксирале продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, а со цел спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата - технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, со што сториле повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

**2. Времетраење на повредата од точка 1.:**

- Авто Мото Сојуз на Македонија, Скопје учествувало во повредата од точка 1) во периодот од 26.07.2005 година до денот на донесување на ова решение;

- Авто Мото Друштво ,,Брегалница,, Берово – учествувало во повредата од точка 1) во периодот од 15.08.2005 година до денот на донесување на ова решение;

- Авто Мото Друштво ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола учествувало во повредата од точка 1) во периодот од 01.08.2005 година до денот на донесување на ова решение;

- Авто Мото Друштво ,,Виница,, Виница, учествувало во повредата од точка 1) во периодот од 01.08.2005 година до денот на донесување на ова решение;

- Авто Мото Друштво ,,Дичо Панов,, Гевгелија, учествувало во повредата од точка 1) во периодот од 01.08.2005 година до денот на донесување на ова решение;

- Авто Мото Друштво ,,Гостивар,, Гостивар учествувало во повредата од точка 1) во периодот од 03.01.2007 година до денот на донесување на ова решение;

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

- Авто Мото Друштво ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци, учествувало во повредата од точка 1) во периодот од 01.08.2005 година до денот на донесување на ова решение;

- Авто Мото Друштво ,,Кичево,, Кичево, учествувало во повредата од точка 1) во периодот од 01.08.2005 година до денот на донесување на ова решение;

- Авто Мото Друштво ,,Лопен,, Кочани , учествувало во повредата од точка 1) во периодот од 28.07.2006 до денот на донесување на ова решение;

- Авто Мото Друштво ,,Охрид,, Охрид, учествувало во повредата од точка 1) во периодот од 01.08.2005 година до денот на донесување на ова решение;

- Авто Мото Друштво ,,Прилепец,, Прилеп учествувало во повредата од точка 1) во периодот од 01.08.2005 година до 09.02.2009 година ;

-Авто Мото Друштво ,,Пробиштип,, Пробиштип учествувало во повредата од точка 1) во периодот од 01.08.2005 до денот на донесување на ова решение;

- Авто Мото Друштво ,,Струга,, Струга, учествувало во повредата од точка 1) во периодот од 01.08.2005 до денот на донесување на ова решение;

- Авто Мото Друштво ,,Стрела,, Струмица, учествувало во повредата од точка 1) во периодот од 01.08.2005 година до денот на донесување на ова решение;

- Авто Мото Друштво ,,Тетово,, Тетово, учествувало во повредата од точка 1) во периодот од 28.07.2005 до денот на донесување на ова решение;

- Авто Мото Друштво ,,Штип,, Штип, учествувало во повредата од точка 1) во периодот од 26.07.2005 до денот на донесување на ова решение.

**3. Се забранува** Авто Мото Сојуз на Македонија да доставува одлуки и ценовници за утврдена цена на технички преглед на моторни и приклучни возила до Авто Мото Друштвата, како и донесување на било кој акт или практикување на било какво однесување кои маат исти или слични цели или последици како оние опишани во точка 1 од ова решение.

**4. Се забранува** Авто мото друштво ,,Брегалница,, Берово, Авто мото друштво ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола, Авто мото друштво ,,Виница,, Виница, Авто мото друштво ,,Дичо Панов,, Гевгелија, Авто мото друштво ,,Гостивар,, Гостивар, Авто мото друштво ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци, Авто мото друштво ,,Кичево,, Кичево, Авто мото друштво ,,Лопен,, Кочани, Авто мото друштво ,,Охрид,,

Охрид, Авто мото друштво ,,Пробиштип,, Пробиштип, Авто мото друштво ,,Струга,, Струга, Авто мото друштво ,,Стрела,, Струмица, Авто мото друштво ,,Тетово,, Тетово, Авто мото друштво ,,Штип,, Штип натамошна примена на забранетите одлуки и ценовници со кои се утврдува цената на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила.

**5. Се наложува на** Авто мото друштво ,,Брегалница,, Берово, Авто мото друштво ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола, Авто мото друштво ,,Виница,, Виница, Авто мото друштво ,,Дичо Панов,, Гевгелија, Авто мото друштво ,,Гостивар,, Гостивар, Авто мото друштво ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци, Авто мото друштво ,,Кичево,, Кичево, Авто мото друштво ,,Лопен,, Кочани, Авто мото друштво ,,Охрид,, Охрид, Авто мото друштво ,,Пробиштип,, Пробиштип, Авто мото друштво ,,Струга,, Струга, Авто мото друштво ,,Стрела,, Струмица, Авто мото друштво ,,Тетово,, Тетово, Авто мото друштво ,,Штип,, Штип, самостојно да утврдат цени за вршење на технички преглед на моторните и приклучни возила, врз основа на трошковен принцип, во рок од 30 дена од денот на доставување на ова решение и истите да ги достават до Комисијата за заштита на конкуренцијата во рок од 8 дена од денот на нивното утврдување.

**6.** Непостапувањето по ова решение претставува **прекршок** согласно член 47 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата.

**7.Во постапката поведена по службена должност против** Авто Мото Друштво ,, Киро Бурназ,, Куманово ул. III-та Македонска Ударна Бригада 6б, Куманово заради утврдување на постоење на забранет договор и/или договорена практика чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека истото не учествувало во забранет договор и/или договорена практика при вршење на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила, односно применувало различни цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила од оние кои ги применувале Авто Мото Сојуз на Македонија Скопје и другите Авто Мото Друштва.

8.**Во постапката поведена по службена должност против** Трговско друштво АМСМ УСЛУГИ СТАНИЦА ЗА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД ДОО-Скопје ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.51, Скопје заради утврдување на постоење на забранет договор и/или договорена практика чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека истото не учествувало во забранет договор и/или договорена практика при

вршење на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила бидејќи истото е зависно друштво на Авто Мото Сојуз на Македонија Скопје и претставува една економска целина со Авто Мото Сојуз на Македонија и како такво имало право цените за технички преглед кои тоа ги носело да бидат идентични, односно да претставуваат потврда на цените кои Авто Мото Сојуз на Македонија Скопје претходно ги имал утврдено во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата со Заклучок бр. 07-272/1 од 04.06.2007 година ги задолжи Авто мото друштво ,,Брегалница,, Берово, Авто мото друштво ,,Виница,, Виница, Авто мото друштво ,,Дичо Панов,, Гевгелија, Авто мото друштво ,,Гостивар,, Гостивар, Авто мото друштво ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци, Авто мото друштво ,,Кичево,, Кичево, Авто мото друштво ,,Лопен,, Кочани, Авто мото друштво ,, Киро Бурназ,, Куманово, Авто мото друштво ,,Охрид,, Охрид, Авто мото друштво ,,Прилепец,, Прилеп, Авто мото друштво ,,Пробиштип,, Пробиштип, Авто мото друштво ,,Струга,, Струга, Авто мото друштво ,,Стрела,, Струмица, Авто мото друштво ,,Тетово,, Тетово и Авто мото друштво ,,Штип,, Штип, меѓу другото да достават и податоци за висината на цената на технички преглед на моторни и приклучни возила од 2004 го. до доставувањето на наведениот заклучок.

Авто Мото Друштво (во понатамошниот текст АМД) ,,Брегалница,, Берово достави податоци со допис бр. 07-272/14од 15.06.2007 година. Во прилог на дописот е доставено:

- Статут на АМД ,,Брегалница,, Берово
- Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила при АМД ,,Брегалница,, Берово бр. 01/04 од 04.01.2004 година. Цените за технички преглед на моторни возила во наведениот ценовник се разликува од цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила утврдени во Ценовникот на Авто Мото Сојуз на Македонија (во понатамошниот текст АМСМ Скопје) бр. 03-7865 од 12.10.2004 година, а поголемо отстапување има единствено кај ставката работни/специјални возила,
- Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила при АМД ,,Брегалница,, Берово бр. 11/05 од 15.08.2005 година. Цените за технички преглед на моторни возила во наведениот ценовник се исти со

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје) бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година,

- Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила при АМД ,,Брегалница,, Берово бр. 14/06 од 26.07.2006 година. Наведениот ценовник, освен во ставката цена на технички преглед за автобуси и специјални и работни возила е идентичен со цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје) бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

АМД ,,Виница,, Виница достави допис бр. 07-272/24 од 20.06.2007 година. Во прилог на дописот меѓу другото доставен е и Ценовник на АМСМ Скопје)бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година, Ценовник на АМСМ Скопје) бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година и Статут на АМД ,,Виница,, Виница.

АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија достави допис бр. 07-272/11 од 14.06.2007 година, во прилог на кој доставува: Статут на АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија, Ценовник на АМСМ Скопје бр. 14-4166/2 од 26.07.2005 година и Ценовник на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

АМД ,,Гостивар,, Гостивар достави допис бр. 07-272/51 од 06.07.2007 година, во прилог на кој маѓу другото доставува и

- Статут на АМД ,,Гостивар,, Гостивар,
- Ценовникот за услуги за техничкиот преглед и комплетирање на документација на ,,Гостивар,, Гостивар за 2004, 2005 и 2006 година заведен под бр. 03-сл. на 10.06.2007 година. Цените за редовен технички преглед во наведениот ценовник се разликуваат од цените утврдени од страна на АМСМ Скопје во Ценовникот на бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година и во Ценовникот бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година 2006 година.
- Ценовникот за услуги за техничкиот преглед и комплетирање на документација на АМД ,,Гостивар,, Гостивар за 2007 година заведен под бр. 03-сл. на 10.06.2007 година (донесени на 03.01.2007 година). Цените за редовен технички преглед во наведениот ценовник се исти со цените утврдени во ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-1435/1 од 1107.2006 година.

АМД ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци со достава бр. 07-272/10од 14.06.2007 година,меѓу другото достави и: Статут на АМД,,Страшо Пинџур,, Кавадарци, Ценовник на АМСМ бр. 14-4166/2 од 26.07.2005 година и Ценовник на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

АМД ,,Кичево,, Кичево достави допис бр. 07-272/15 од 05.06.2007 година, во прилог на кој доставува:

- Статут на АМД ,,Кичево,,
- Ценовник на АМД ,,Кичево,, Кичево за технички прегледи на моторни и приклучни возила кој стапува на сила од 01.12.2004 година. Цените во наведениот ценовник се разликуваат од цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-7865 од 12.10.2004 година,
- Ценовник на АМД ,,Кичево,, Кичево за технички прегледи на моторни и приклучни возила кој стапува на сила од 01.08.2005година. Цените за технички преглед на моторни возила во наведениот ценовник се исти со цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година, единствено отстапување постои кај ставката- влекач.
- Ценовник АМД ,,Кичево,, Кичево за технички прегледи на моторни и приклучни возила кој стапува на сила од 01.08.2006година Цените за технички преглед на моторни возила во наведениот ценовник се исти со цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

АМД ,,Лопен,, Кочани достави допис бр. 07-272/47од 29.06.2007 година, во прилог на кој маѓу другото доставува и Статут на АМД ,,Лопен,, Кочани.

АМД ,,Киро Бурназ,, Куманово достави допис бр. 07-272/16од 15.07.2007 година, во прилог на кој доставува меѓу другото и

- Статут на АМД ,,Киро Бурназ,, Куманово
- Ценовик за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Киро Бурназ,, Куманово бр. 56 од 23.07.2005 година, кој се разликува од Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 год.
- Ценовик за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Киро Бурназ,, Куманово бр. 49 од 20.07.2006 година, кој се разликува од Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.
- Ценовик за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Киро Бурназ,, Куманово бр. 46 од 07.05.2007 година, во кој цените за редовен технички преглед се со оние содржана во претходниот Ценовик на на АМД ,,Киро Бурназ,, Куманово бр. 49 од 20.07.2006 година.

АМД ,,Охрид,, Охрид достави допис бр. 07-272/9од 14.06.2007 година, во прилог на кој маѓу другото доставува:

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

- - Статут на АМД ,,Охрид,, Охрид,
- - Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр.15-4166/2 од 26.07.2005година
- - Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Охрид,, Охрид бр. 03-34 од 11.09.2006 година притоа цените за технички преглед во наведениот ценовник се исти со цените за технички преглед содржани во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 год.

АМД ,,Прилепец,, Прилеп достави допис бр. 07-272/13од 15.06.2007 година, во прилог на кој маѓу другото доставува и

- Статут на АМД ,,Прилепец,, Прилеп
- Договор за извршување на јавни овластувања склучен на ден 05.03.1999 година помеѓу АМСМ Скопје и АМД ,,Прилепец,, Прилеп. Во член 8 од наведениот договор стои дека АМД –то е должно јавните овластувања да ги извршува по единствени цени утврдени од АМСМ Скопје.
- Ценовник за услуги на станица за технички преглед и регистрација на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје од 2004 год.
- Ценовник за услуги на станица за технички преглед и регистрација на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 154166/2 од 26.07.2005 година.
- Ценовник за услуги на станица за технички преглед и регистрација на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр.03-4135/1 од 11.07.2006 година.

АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип достави допис бр. 07-272/32од 25.06.2007 година, во прилог на кој маѓу другото доставува и

- Статут на АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип,
- Ценовник на услуги на АМД ,,Пробиштип,, бр. 0501/21/1 од 01.08.2005 година. Цените за редовен технички преглед во наведениот ценовник на АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип се исти со цените содржани во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година.
- Ценовник на услуги на АМД ,,Пробиштип,, бр. 0204/24 од 31.07.2006 година. Цените за редовен технички преглед во наведениот ценовник на АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип се исти со цените содржани во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

АМД ,,Струга,, Струга достави допис бр. 07-272/23 од 20.06.2007 година, во прилог на кој маѓу другото доставува и

- -Статут на АМД ,,Струга,, Струга,
- - Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни во зила на АМД ,,Струга,, од 2004 година (стапува на сила од 01.04.2004 година). Цените за редовен технички преглед во наведениот ценовник се исти со цените содржани во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-7865 од 12.10.2004 година
- - Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни во зила на АМД ,,Струга,, од 2005 година (стапува на сила од 01.08.2005 година). Цените за редовен технички преглед во наведениот ценовник се исти со цените содржани во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година
- - Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Струга,, од 2006 година (стапува на сила од 01.08.2006 година). Цените за редовен технички преглед во наведениот ценовник се исти со цените содржани во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година

АМД ,,Стрела,, Струмица достави допис бр. 07-272/52 од 16.07.2007 година, во прилог на кој маѓу другото доставува и

- Статут на АМД ,,Стрела,, Струмица,
- Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година

АМД ,,Тетово,, Тетово достави допис бр. 07-272/5 од 13.06.2007 година, во прилог на кој маѓу другото доставува и

- Статут на АМД ,,Тетово,, Тетово,
- Одлука за усвојување на ценовник за услугите на Станица за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД,,Тетово,, Тетово бр. 0202-07-05 од 28.01.2005 година, како и самиот Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Тетово,, Тетово. Цените за редовен технички преглед во наведениот Ценовник се разликуваат од цените содржани во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-7865 од 12.102004 година.

- Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Тетово,, Тетово бр. 0301-71/02 од 28.07.2005. Цените за редовен технички преглед во наведениот Ценовник се исти со цените содржани Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година, освен во ставката специјални и работни возила. Во самиот ценовник е нагласено дека корекцијата на цените се врши врз основа на писмо бр. 15-4/66 од 26.07.2005 година добиено од АМСМ Скопје. Во прилог е доставено и пропратно писмо заведено во АМД ,,Тетово,, Тетово под бр. 0301-71 на 28.07.2005 год. доставено од АМСМ Скопје, во чиј горен десен агол стои ,,до сите секретари,, и во кое АМСМ Скопје наведува дека е донесена одлука за зголемување на цените на услугите поврзани со регистрација на возил и дека новиот ценовник се доставува во прилог.

- Одлука за усвојување на ценовник за услугите на Станица за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД,,Тетово,, Тетово бр. 0202-75/12 од 05.05.2006 година, како и самиот Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Тетово,, Тетово. Цените за редовен технички преглед во наведениот Ценовник се исти со цените содржани Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година

АМД ,,Штип,, Штип достави допис бр. 07-272/20 од 19.06.2007 година, во прилог на кој мaѓу другото доставува и

- Статут на АМД ,,Штип,, Штип,
- Одлука за донесување ценовник за извршена услуга за извршен технички преглед на сите видови моторни и приклучни возила бр.0202-136/1 од 26.07.2005. Во уводот на наведената одлука стои ..На седницата на Претседателството одржана на ден 26.07.2005 година, врз основа на член 30 точка 12 од Статутот на АМД ,,Штип,, Штип а во врска со Одлуката за донесување ценовник за услуги на СТП на АМСМ Скопје број 15-4166/1 од 26.07.2005 година, и во врска со известувањето на АМСМ Скопје за доследно применување на ценовникот под број 15-4166 од 26.07.2005 година Претседателството на АМД ,,Штип,, Штип ја донесе следната.... Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Штип,, Штип бр. 0202-136/2 од 26.07.2005 година (кој се применува од 01.08.2005 година), притоа цените за редовен технички преглед во наведениот Ценовник се исти со цените содржани Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година.
- Одлука на АМД ,,Штип,, Штип за зголемување на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила бр.0202-101/1 од 13.07.2006 година. Во уводот на наведената одлука стои ..Претседателството на одржаната седница на ден 13.07.2006 година, врз основа на член 30 точка 12 од Статутот на АМД ,,Штип,, Штип а во врска со Одлуката за донесување ценовник за услуги на СТП на АМСМ Скопје број 03-1435 од

11.07.2006 година, и во врска со известувањето од АМСМ за доследно применување на ценовникот под број 03-1435 од 11.07.2006 година Претседателството на АМД ,,Штип,, Штип ја донесе следната.... ), притоа цените за редовен технички преглед во Ценовникот содржан во наведената Одлука се исти со цените содржани Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-1435/1 од 1107.2006 година. Цените се применуваат од 01.08.2006 година

Комисијата за заштита на конкуренцијата со Заклучок бр. 09-227/1 од 08.05.2007 година го задолжи АМСМ Скопје меѓу другото да достави и одлуки со кои се утврдува висината на надоместот за регистрација од 2004 година. до доставувањето на заклучокот.

АМСМ Скопје достави допис бр. 09-227/6 од 21.05.2007 година, во прилог на кој маѓу другото доставува и

- Ценовник за услуги на станица за технички преглед и регистрација на моторни и приклучни возила бр. 03-7865 од 12.10.2004 година.
- Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година
- Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006година

Комисијата за заштита на конкуренцијата со Заклучок бр. 07-272/2 од 06.06.2007 година го задолжи АМСМ Скопје да достави Статут и список на АМД здружени во АМСМ Скопје кои имаат станици за технички преглед.

АМСМ Скопје достави допис бр. 07-272/8 од 14.06.2007 година, во прилог на кој доставува Статут на АМСМ Скопје.

Комисијата за заштита на конкуренцијата со Заклучок бр. 07-272/17 од 15.06.2007 година го задолжи АМСМ Скопје да достави вкупно остварени приходи од обезбедување на услугата технички преглед на возила, како и број на технички прегледани возила во станиците за технички преглед на АМСМ Скопје за 2004, 2005 и 2006 година.

АМСМ Скопје со допис бр. 07-272/46 од 28.06.2007 година, ги достави бараните податоци до Комисијата.

Комисијата за заштита на конкуренцијата со Заклучок бр. 07-272/17 од 15.06.2007 година го задолжи АМД ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола меѓу другото да достави и податоци за висината на цената на технички преглед на моторни и приклучни возила од 2004 го. до доставувањето на заклучокот.

АМД ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола достави допис бр. 07-272/50од 05.07.2007 година, во кој наведува дека висината на цената на техничкиот преглед на ниво на целата држава се носи од органите на Авто Мото Сојуз на Македонија и АМД ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола како членка истите ги почитува. Во прилог на дописот е доставен Ценовникот на Авто Мото Сојуз на Македонија од 2004 година.

Овластени лица на Комисијата на ден 29.04.2008 година извршија увид во документацијата и работењето на АМД ,,Стрела,, Струмица за што е составен и записник бр. 07-205/3. На записникот одговорното лице во АМД ,,Стрела,, Струмица изјави дека Цените за техничкиот преглед со одлука ги утврдува АМСМ. Меѓу другото на увидот е прибавен и договор за извршување на јавни овластувања склучен на 05.03.1999 година помеѓу АМСМ Скопје и АМД ,,Стрела,, Струмица.

Овластени лица на Комисијата на ден 30.04.2008 година извршија увид во документацијата и работењето на АМД ,,Штип,, Штип за што е составен и записник бр. 03-219/1. На записникот одговорното лице во АМД ,,Штип,, Штип изјави дека Цените за техничкиот преглед АМД Штип ги утврдува врз основа на дадени насоки од страна на АМСМ Скопје. АМД Штип е посебно правно лице кое самостојно ја остварува својата дејност.

Врз основа на добиените податоци Комисијата за заштита на конкуренцијата на 03.10.2008 година донесе Заклучок бр.07-381/1 за поведување на постапка против Авто Мото Сојуз на Македонија (АМСМ), Скопје ул. Иво Рибар Лола бр.51, Скопје , АМД ,,Брегалница,, Берово, ул.Маршал Тито бр.4, Берово, Авто мото друштво ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола, ул. Арон Ароести бб, Битола, Авто мото друштво ,,Виница,, Виница, ул. Илинденска бб, Виница, Авто мото друштво ,,Дичо Панов,, Гевгелија, ул. Маршал Тито бр.2, Гевгелија, Авто мото друштво ,,Гостивар,, Гостивар, ул. Илинденска бб, Гостивар, Авто мото друштво ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци, ул.29-ти Ноември бр.36, Кавадарци, Авто мото друштво ,,Кичево,, Кичево, Магистрален пат бб, Кичево, Авто мото друштво ,,Лопен,, Кочани, ул. 29-ти Ноември бр.109, Кочани, Авто мото друштво ,, Киро Бурназ,, Куманово ул. III-та Македонска Ударна Бригада бб, Куманово, Авто мото друштво ,,Охрид,, Охрид, ул.Лазо Трпоски бб Охрид, Авто мото друштво ,,Прилепец,, Прилеп ул. Моша Пијаде бр.230, Прилеп, Авто мото друштво ,,Пробиштип,, Пробиштип ул. Миро Барага бр. 1, Пробиштип, Авто мото друштво ,,Струга,, Струга, ул. Пролетерски Бригади бр.68, Струга, Авто мото друштво ,,Стрела,, Струмица, ул. Ленинова бр.94, Струмица и Авто мото друштво ,,Штип,, Штип, ул. Сутјеска бб, Штип, заради утврдување на постоење на забранет договор, одлука на здружение на претпријатија и/или договорна

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

практика помеѓу наведените претпријатија чија цел или последица е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, во кој меѓу другото бара и доставување на одлуки со кои се утврдува висината на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила за 2007 и 2008 година.

На 16.10.2008 год. АМСМ Скопје достави допис бр. 07-381/9 за постапување по Заклучокот за поведување на постапка во прилог на кој доставува

- Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година
- Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 05-2509/1 од 09.04.2008 година.

Во наведените ценовници цените за редовен технички преглед се непроменети.

- Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 05-7457 од 10.06.2008 година во СТП ,,Чаир,, .Цените во наведениот ценовник се намалени, односно се пониски во однос на претходниот ценовник.

На 24.10.2008 год. АМД ,,Брегалница,, Берово достави допис бр. 07-381/17 за постапување по Заклучокот за поведување на постапка во кој ги доставува и цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила за 2007-2008 година. При тоа цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила во наведениот ценовник на АМД ,,Брегалница,, Берово се исти со цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила наведени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

На 20.10.2008 год. АМД ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола достави допис бр. 07-381/12 за постапување по Заклучокот за поведување на постапка во кој наведува дека АМД ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола како членка на АМСМ и врз основа на договор за здружување на Авто мото друштвата во АМСМ е должно да ги применува одлуките во врска со цените за технички преглед на моторни и приклучни возила бидејќи вршењето на техничкиот преглед е пренесено овластување од страна на АМСМ Скопје, кој е носител на тоа овластување и го пренесува тоа право на здружените членки во АМСМ Скопје. Во прилог АМД ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола доставува Ценовник на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

На 09.10.2008 год. АМД ,,Виница,, Виница достави допис бр. 07-381/11 за постапување по Заклучокот за поведување на постапка во кој наведува дека Одлуката од 2006 се уште се применува.

На 14..10.2008 год. АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија достави допис бр. 07-381/3 за постапување по Заклучокот за поведување на постапка при што во дописот наведува дека АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија како здружен член на АМСМ Скопје ја применува цената за технички прегл д и регистрација на моторни и приклучни возила доставена од АМСМ Скопје како статутарна обврска.

Дополнително со допис бр. 07-381/13 од 20.10.2008 година АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија повторно доставува Ценовник на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година

На 03.11.2008 год. АМД ,,Гостивар,, Гостивар достави допис бр. 07-381/19 за постапување по Заклучокот за поведување на постапка во прилог на кој повторно го доставува Ценовникот на АМД ,,Гостивар, Гостивар за 2007 година, како и Ценовникот за услуги за техничкиот преглед и комплетирање на документација на АМД ,,Гостивар,, Гостивар за 2008 година заведен под бр. 03-сл. на 27.10.2008 година. Цените за технички преглед на моторни возила во наведениот ценовник се исти со цените утврдени во Ценовникот на АМД ,,Гостивар, Гостивар за 2007 година, односно со цените утврдени во ценовникот на на АМСМ Скопје бр. 03-1435/1 од 1107.2006 година, а се разликуваат единствено во ставката за патнички возила, која е пониска.

На 20.10.2008 год. АМД ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци достави допис бр. 07-381/15 за постапување по Заклучокот за поведување на постапка во прилог на кој доставува:

- Одлука за донесување Ценовник за технички преглед на возила и административни услуги бр. Сл. Од 30.07.2006 година и Ценовник на АМД ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци од 30.07.2006 година при што цените за технички преглед се исти со оние утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година и
- -Одлука за донесување Ценовник за технички преглед на возила и административни услуги бр.33 од 27.05.2008 година и Ценовник на АМД ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци бр. 33 од 27.05.2008 година при што цените за технички преглед се исти со оние утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

На 14.10.2008 год. АМД ,,Кичево,, Кичево, достави допис бр. 07-381/5 за постапување по Заклучокот за поведување на постапка во кој наведува дека

***Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје***
***Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466*** ***www.kzk.gov.mk*** *e-mail:* ***kzk@kzk.gov.mk***

АМД ,,Кичево,, Кичево, во наведениот период нема донесено нов ценовник, односно се уште ги применува цените од ценовникот од 01.08.2006 година

На 03.11.2008 год. АМД ,,Лопен,, Кочани достави допис бр. 07-381/18 за постапување по Заклучокот за поведување на постапка во прилог на кој доставува Ценовник на услуги во СТП и регистрација на моторни и приклучни возила бр. 02-197/06 од 28.07.2006 година. Цените за технички преглед во наведениот ценовник се исти со цените за технички преглед содржани во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

На 10.10.2008 год. АМД ,,Киро Бурназ,, Куманово достави допис бр. 07-381/2 за постапување по Заклучокот за поведување на постапка во прилог кој повторно доставува: Ценовик за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Киро Бурназ,, Куманово бр. 49 од 20.07.2006 година и Ценовик за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Киро Бурназ,, Куманово бр. 46 од 07.05.2007 година

На 16.10.2008 год. АМД ,,Охрид,, Охрид достави допис бр. 07-381/8 за постапување по Заклучокот за поведување на постапка во кој наведува дека во наведениот период АМД ,,Охрид,, Охрид нема извршено промена на цената и се уште важат ценовникот од 11.09.2006 година

На 21.10.2008 год. АМД ,,Прилепец,, Прилеп достави допис бр. 07-381/16 за постапување по Заклучокот за поведување на постапка во кој наведува дека со одредени корисници со кои имаат склучено договор за деловна соработка применуваат цена за техничкиот преглед со попуст од 10-50% и во прилог ги доставуваат Ценовниците за услуги на станица за технички преглед и регистрација на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр.03-4135/1 од 11.07.2006 година и бр. 05-2509/1 од 09.04.2008 година. Цените за редовен технички преглед во двата ценовници се исти.

На 15.10.2008 год. АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип достави допис бр. 07-381/17 за постапување по Заклучокот за поведување на постапка во прилог на кој доставува и Ценовник на услуги на АМД ,,Пробиштип,, бр. 0204/28 од 17.11.2008 година. Цените за редовен технички преглед во наведениот ценовник на АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип се исти со цените содржани во Ценовник на услуги на АМД ,,Пробиштип,, бр. 0204/24 од 31.07.2006 година, односно во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

На 14.10.2008 год. АМД ,,Струга,, Струга достави допис бр. 07-381/4 за постапување по Заклучокот за поведување на постапка во прилог на кој доставува Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Струга,, од бр. 02-15/2 од 30.04.2008 година. Цените за редовен

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

технички преглед во наведениот ценовник се исти со цените содржани во Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД „Струга„ од 2006 година, односно Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година

На 20.10.2008 год. АМД „Стрела„ Струмица достави допис бр. 07-381/14 за постапување по Заклучокот за поведување на постапка во прилог на кој доставува Ценовник на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

На 15.10.2008 год. АМД „Штип„ Штип, достави допис бр. 07-381/6 за постапување по Заклучокот за поведување на постапка во прилог на кој доставува Одлука за донесување ценовник за услуги на СТП на АМД „Штип„ Штип бр.0204-112/1 од 03.05.2007 година, како и Ценовник на АМД „Штип„ Штип за технички преглед на моторни и приклучни возила бр. 0204-112/2 од 03.05.2007 година. Цените за редовен технички преглед во наведениот ценовник се исти со цените утврдени во ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-1435/1 од 1107.2006 година.

На 9.11.2009 година Комисијата достави Заклучок бр. 07-448/1 за поведување на постапка и против АМД „Тетово„ Тетово заради утврдување на постоење на забранет договор, одлука на здружение на претпријатија и/или договорна практика чија цел или последица е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија со кој бара доставување на одлуки со кои се утврдува висината на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила од 01.10.2008 до доставувањето на наведениот заклучок.

На 26.11.2009 година АМД „Тетово, Тетово со допис бр. 07-448/12 постапи по Заклучокот при што во прилог доставува Одлука бр. 0202-130/10 од 01.09.2008 година со која се одобрува ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила, како и самиот ценовник кој стапува на сила од 01.10.2008 година. Цените за редовен технички преглед во наведениот ценовник се исти со цените утврдени во Ценовник на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

На 9.11.2009 година Комисијата достави Заклучок бр. 07-448/1 до: Авто Мото Сојуз на Македонија (АМСМ), Скопје, Авто мото друштво „Брегалница„ Берово, Авто мото друштво „Ѓорѓи Наумов„ Битола, Авто мото друштво „Виница„ Виница, Авто мото друштво „Дичо Панов„ Гевгелија, Авто мото друштво „Гостивар„ Гостивар, Авто мото друштво „Страшо Пинџур„ Кавадарци, Авто мото друштво „Кичево„ Кичево, Авто мото друштво „Лопен„ Кочани, Авто мото друштво „ Киро Бурназ„ Куманово, Авто мото друштво „Охрид„ Охрид, Авто

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ™ кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

мото друштво ,,Прилепец,, Прилеп, Авто мото друштво ,,Пробиштип,, Пробиштип, Авто мото друштво ,,Струга,, Струга, Авто мото друштво ,,Стрела,, Струмица и Авто мото друштво ,,Штип,, Штип, со кој бара доставување на одлуки со кои се утврдува висината на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила од 01.10.2008 до доставувањето на наведениот заклучок.

На 25.11.2009 година АМСМ Скопје со допис бр. 07-448/10 постапи по Заклучокот во кој наведува дека надоместот за услугите што се плаќаат при технички преглед на возилата се состои од два дела и тоа дел кој се однесува на обработка на податоци и подготвување на документација за реализирање на постапката за технички преглед и регистрација на возилото и дел кој се однесува на техничка проверка на возилото и утврдување на неговата подготвеност за безбедно учество во сообраќајот согласно законската регулатива. Елементи врз основа на кои се утврдува висината на надоместокот за административната услуга се: цената на обрасци, ангажирање на стручни работници, трошоци за онформатичка опрема услуги за наплата на давачки кои се буџетски приходи и сл., додека како елементи врз основа на кои се утврдува висината на надоместот за технички преглед се земаат: набавка, одржување и баждарење на опремата и мерните уреди кои се користат, одржување на објектите, ангажирање на стручни лица и др. Овие надоместоци се дефинираат во пропишана постапка постапка и се утврдуваат со соодветни акти на АМСМ Скопје без притоа да се нарушува конкурентскиот амбиент.

Техничкиот преглед на возила во моментот се врши од повеќе субјекти и тоа од АМСМ Скопје кој со неговите членки АМД има 20 станици за технички преглед, Сојуз на возачи на Македонија, АСУЦ ,,Боро Петрушевски,, Авто Куќа ,,Механика,, , Ауто Македонија и А.М.К. Power-spot Sustem.

Согласно законските прописи, Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата и Законот за возила, регистрацијата на возила се врши според живеалиштето на сопственикот на возилото, но техничкиот преглед може да се изврши по слободен избор во било која станица за технички преглед кај горенаведените правни субјекти кои се овластени да ја вршат дејноста.

Во прилог АМСМ Скопје меѓу другото доставува и:

- -Одлука за донесување Ценовник за технички преглед на возила и административни услуги на АМСМ во СТП Центар и Ценовник бр. 03-11329 од 14.11.2008 година. ( Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и -приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година)

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

- Одлука донесување Ценовник за технички преглед на возила и Ценовник бр. 05-12114 од 01.12.2008 година. ( Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година)
- Одлука за ценовник за услуги на станица за технички преглед и регистрација на моторни возила и Ценовник бр. 03-719 од 18.11.2009 година на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје (Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година)
- Одлука за ценовник за услуги на станица за технички преглед и регистрација на моторни возила и Ценовник бр. 03-217 од 01.06.2009 година на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје (Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година)

На 26.11.2009 година АМД ,,Брегалница,, Берово со допис бр. 07-448/13 постапи по Заклучокот при што достави ценовник за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила за периодот 2008-2009 година. При тоа цените за технички преглед на моторни возила во наведениот ценовник на АМД ,,Брегалница,, Берово се исти со цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

На 19.11.2009 година АМД ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола со допис бр. 07-448/3 постапи по Заклучокот при што во дописот повторно наведува дека дека АМД ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола како членка на АМСМ Скопје и врз основа на договор за здружување на Авто мото друштвата во АМСМ Скопје е должно да ги применува одлуките во врска со цените за технички преглед на моторни и приклучни возила бидејќи вршењето на техничкиот преглед е пренесено овластување од страна на АМСМ Скопје, кој е носител на тоа овластување и го пренесува тоа право на здружените членки во АМСМ Скопје. Во прилог АМД ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола доставува Ценовник на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

На 24.11.2009 година АМД ,,Виница,, Виница со допис бр. 07-448/7 постапи по Заклучокот при што во дописот повторно наведува дека Одлуката од 2006 сеуште се применува.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

На 24.11.2009 година АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија со допис бр. 07-448/4 постапи по Заклучокот при што во прилог доставува Одлука за утврдување на Ценовник на услугите што ги издава АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија бр. 946/4 од 18.09.2009 год. како и Ценовникот на услуги во АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија. Притоа цените во делот редовен технички преглед со вклучен ДДВ се исти со цените за редовен технички преглед (бруто –цени со вклучен ДДВ) утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година

На 19.11.2009 година АМД ,,Гостивар, Гостивар со допис бр. 07-447/9 постапи по Заклучокот, при што достави Ценовник за технички преглед по категории на возила од 10.02.2009 година. Притоа цените во делот редовен технички преглед во одредени ставки се исти со цените за редовен технички преглед (нето) утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

На 18.11.2009 година АМД ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци со допис бр. 07-448/4 постапи по Заклучокот при што во прилог на дописот повторно е доставен Ценовник на АМД ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци бр. 33 од 27.05.2008 година

На 24.11.2009 година АМД ,,Кичево,, Кичево, со допис бр. 07-448/9 постапи по Заклучокот при што во дописот повторно наведува дека АМД ,,Кичево,, Кичево, во наведениот период цените се непроменети.

На 30.11.2009 година АМД ,,Лопен,, Кочани со допис бр. 07-448/16 постапи по Заклучокот при што во дописот наведува дека во наведениот период не се извршени никакви промени во цените.

На 19.11.2009 година АМД ,,Киро Бурназ,, Куманово со допис бр. 07-448/11 постапи по Заклучокот при што во прилог на дописот, меѓу другото повторно е доставен Ценовикот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Киро Бурназ,, Куманово бр. 46 од 07.05.2007 година.

На 25.11.2009 година АМД ,,Охрид,, Охрид со допис бр. 07-448/11 постапи по Заклучокот при што во дописот наведува дека во наведениот период не се извршени никакви промени во цените и повторно во прилог го доставува Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Охрид,, Охрид бр. 03-34 од 11.09.2006 година.

На 24.11.2009 година АМД ,,Прилепец,, Прилеп со допис бр. 07-448/5 постапи по Заклучокот при што во дописот наведува дека со одредени корисници со кои имаат склучено договор за деловна соработка применуваат цена за техничкиот преглед со попуст од 10-50% и во прилог ги доставува Ценовникот за услуги на станица за технички преглед и регистрација на моторни и приклучни возила на АМСМ бр. 05-2509/1 од 09.04.2008 година и Ценовникот

на на услуги во станицата за технички преглед на АМД ,,Прилепец, Прилеп бр. 05-61/1 од 06.02.2009 година, а кој се применува од 09.02.2009 год. Цените утврдени во ценовникот на АМД ,,Прилепец, Прилеп бр. 05-1/1 од 06.02.2009 година се пониски од оние утврдени од стана на АМСМ Скопје.

На 26.11.2009 година АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип со допис бр. 07-448/15 постапи по Заклучокот при што во дописот наведува дека во наведениот период не се извршени никакви промени во цените.

На 26.11.2009 година АМД ,,Струга,, Струга со допис бр. 07-448/14 постапи по Заклучокот при што во дописот наведува дека во наведениот период не се извршени никакви промени во цените.

На 24.11.2009 година АМД ,,Стрела,, Струмица со допис бр. 07-448/6 постапи по Заклучокот при што во дописот наведува дека во наведениот период не се извршени никакви промени во цените.

На 19.11.2009 година АМД ,,Штип,, Штип со допис бр. 07-448/2 постапи по Заклучокот при што во дописот наведува дека во наведениот период не се извршени никакви промени во цените, односно се уште се применуваат цените утврдени во ценовникот на ,,Штип,, Штип. бр. 0204-112/2 од 03.05.2007 година

Врз основа на Заклучок бр. 08-195/1 од 09.04.2010 година, овластени лица од Комисијата за заштита на конкуренцијата на 09.04.2010 година извршија увид во работењето на АМСМ Скопје и на записник го задолжија АМСМ Скопје и Трговско друштво АМСМ УСЛУГИ СТАНИЦА ЗА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД ДОО-Скопје_(во натамошниот тект ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО) да ги достават сите одлуки со кои се утврдува висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила во периодот од 01.01.2008 година до денес.

Со допис бр. 08-195/2 од 16.04.2010 година АМСМ Скопје меѓу другото достави и:

- Одлука за донесување Ценовник за технички преглед на возила и административни услуги на АМСМ Скопје во СТП Центар и Ценовник бр. 03-11329/1 од 14.11.2008 година. ( Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и - приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година)
- Одлука донесување Ценовник за технички преглед на возила и Ценовник бр. 05-12114 од 01.12.2008 година. ( Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година)

Со допис бр.08-195/3 од 16.04.2010 година ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО Скопје меѓу другото достави и:

- - Одлука за донесување ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила и Ценовник бр. 03-104 од 12,05.2009 година на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје (Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година)
- Одлука за ценовник за услуги на станица за технички преглед и регистрација на моторни возила и Ценовник бр. 03-217 од 01.06.2009 година на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје (Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година)
- - Одлука за ценовник за услуги на станица за технички преглед и регистрација на моторни возила и Ценовник бр. 03-719 од 18.11.2009 година на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје (Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година)
- - Одлука за ценовник за услуги на станица за технички преглед и регистрација на моторни возила и Ценовник бр. 03-767 од 02.12.2009 година на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје (Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година)
- Одлука за ценовник за услуги на технички преглед и регистрација на моторни возила и Ценовник бр. 03-2/1 од 05.01.2010 година на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје (Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година)

- Одлука за ценовник за услуги на технички преглед и регистрација на моторни возила и Ценовник бр. 03-274/1 од 26.02.2010 година на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје (Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година)
- Извод од централен регистар за ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје

Комисијата за заштита на конкуренцијата на 25.05.2010 година донесе Заклучок бр 08-195/4 за поведување на постапка и против Трговско Друштво АМСМ Услуги-Станица за технички преглед ДОО Скопје, ул. Митрополит Теодосија Гологанов бр.51 Скопје заради утврдување на постоење на забранет договор, одлука на здружение на претпријатија и/или договорна практика чија цел или последица е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во кој меѓу другото бара доставување на одлуки со кои се утврдува висината на цената за технички преглед на моторни и приклучни возила за 2010 година , како и објаснување за тоа кои цени за технички преглед се применувани од ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје.
На 02.06.2010 година ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје со допис бр.08-195/5 постапи по заклучокот на Комисијата. Во Дописот ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје појаснува дека во периодот од денот на основање на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје (11.06.2008 година) до 01.05.2009 година, односно до добивањето на овластувањето од Министерството за внатрешни работи ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје не работело како посебен субјект. До добивање на овластувањето техничкиот преглед на возила се вршел преку АМСМ Скопје. Во прилог на дписот АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје доставува и :

- Одлука за Ценовник на услугите на технички преглед и регистрација на моторни возила во АМСМ УСЛУГИ СТП -ДОО Скопје и Ценовник бр. 03-274 од 26.02.2010 година ( Ценовникот е со примена од 01.03.2010 година). Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година
- Одлука за Ценовник на услугите на технички преглед и регистрација на моторни возила во АМСМ УСЛУГИ СТП -ДОО Скопје бр. 03-517 од 16.04.2010 година. Во член 2 од наведената одлука е утврдено дека АМСМ УСЛУГИ СТП -ДОО Скопјево промотивен период од 17 Април

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ™ кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

2010 година до 1 Јули 2010 година цената за технички преглед на патнички возила се намалува и ќе изнесува 799 денари. Наведената цена ќе се применува во Станиците за технички преглед на АМСМ Услуги-СТП Скопје, АМСМ Услуги-СТП Чаир и АМСМ Услуги- СТП Велес.

- Одлука за ценовник за услуги на технички преглед и регистрација на моторни возила и Ценовник бр. 03-2/1 од 05.01.2010 година на ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје (Цените за редовен технички преглед во приложениот ценовник се идентични со цените за редовен технички преглед утврдени во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година)

---

Комисијата на ден 08.06.2010 година, со допис бр. 08-195/6 достави Известување за писмено изјаснување по наводите на Комисијата во врска со управната работа бр. 08-195 од 2010 година.

Со допис бр. 08-195/7 од 18.06.2010 година АМСМ Скопје достави изјаснување по наводите на Комисијата. Во дописот меѓу другото АМСМ Скопје наведува дека б дека не сторил повреда на членот 7 од Законот за заштита на конкуренцијата и не учествувалво забранет договор со кој директно или индиректно се фиксираат цените на услугите за технички преглед. АМСМ Скопје истакнува дека бројот на учесници на пазарот не е ограничен и дека технички преглед на моторни и приклучни возила може да врши правно лице овластено од министерот за внатрешни работи, доколку истото ги исполнува законски пропишаните услови. АМСМ Скопје исто така наведува дека постои лојална конкуренција од голем број мали независни фирми при што ниту еден учесник напзарот не може да влијае на висината на цената, туку тие се прифаќачи на цени. Дополнително АМСМ Скопје наведува дека не постојат пишани докуманти и не постои Договор за регулирање и усогласување на цените за цените за технички преглед помеѓу АМСМ Скопје, ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје и АМД и дека доколку навистина постоел забранет договор помеѓу АМСМ Скопје, ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје и АМД тоа ќе предизвикало паѓање на цените, а факт е дека цените со кои АМСМ настапува на пазарот се највисоки и АМСМ нама инструмент на контрола ниту може да им забрани на останатите учесници на пазарот самостојно да ги формираат цените.АМСМ скопје наведува дека одлуките за цената за услугата технички преглед се доставувани од страна на АМСМ Скопје до АМД за запознавање а не со директива за примена и дека АМД сами си ги утврдуваат цените на услугите за технички преглед.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

Со допис бр. 08-195/8 од 18.06.2010 година ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје достави изјаснување по наводите на Комисијата. Во дописот меѓу другото ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје наведува дека не сторил повреда на членот 7 од Законот за заштита на конкуренцијата и не учествувалво забранет договор со кој директно или индиректно се фиксираат цените на услугите за технички преглед. ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје исто така наведува дека постои лојална конкуренција од голем број мали независни фирми при што ниту еден учесник напзарот не може да влијае на висината на цена туку тие се прифаќачи на цени како и дека ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје е самостоен правен субјект независен од никого и самостојно ги формира цените. Понатаму во изјаснувањето ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје наведува дека бројот на учесници на пазарот не е ограничен и дека технички преглед на моторни и приклучни возила може да врши правно лице овластено од министерот за внатрешни работи, доколку истото ги исполнува законски пропишаните услови. Дополнително ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје наведува дека не постојат пишани докуманти и не постои Договор за регулирање и усогласување на цените за цените за технички преглед помеѓу АМСМ Скопје, ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје и АМД и дека доколку навистина постоел забранет договор помеѓу АМСМ Скопје, ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје и АМД тоа ќе предизвикало паѓање на цените, дополнително ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје нама инструмент на контрола ниту може да им забрани на останатите учесници на пазарот самостојно да ги формираат цените. ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје наведува дека одлуките за цената за услугата технички преглед се доставувани од страна на АМСМ Скопје до АМД за запознавање а не со директива за примена и дека АМД сами си ги утврдуваат цените на услугите за технички преглед.

Со допис бр. 08-195/17 од 21.06.2010 година АМД ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола достави изјаснување по наводите на Комисијата. Во дописот меѓу другото АМД ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола наведува дека не сторил повреда на членот 7 од Законот за заштита на конкуренцијата и не учествувалво забранет договор со кој директно или индиректно се фиксираат цените на услугите за технички преглед. Дополнително АМД ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола истакнува дека бројот на учесници на пазарот не е ограничен и дека технички преглед на моторни и приклучни возила може да врши правно лице овластено од министерот за внатрешни работи, доколку истото ги исполнува законски пропишаните услови. АМД ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола исто така наведува дека постои лојална конкуренција од голем број мали независни фирми при што ниту еден учесник напзарот не може да влијае на висината на цената, туку тие се прифаќачи на цени.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

Со допис бр. 08-195/20 од 23.06.2010 година АМД ,,Брегалница,, Берово достави изјаснување по наводите на Комисијата. Во дописот меѓу другото АМД ,,Брегалница,, Берово наведува дека нама учествувано во забранет договор со кој директно или индиректно се фиксираат цените на услугите за технички преглед. Дополнително АМД ,,Брегалница,, Берово истакнува дека бројот на учесници на пазарот не е ограничен и дека технички преглед на моторни и приклучни возила може да врши правно лице овластено од министерот за внатрешни работи, доколку истото ги исполнува законски пропишаните услови. АМД ,,Брегалница,, Берово исто така наведува дека постои лојална конкуренција од голем број мали независни фирми при што ниту еден учесник напзарот не може да влијае на висината на цената, туку тие се прифаќачи на цени и АМД ,,Брегалница,, Берово самостојно ги формирала цените во дадениот период додека одлуките кои биле доставувани од АМСМ Скопје биле доставувани за запознавање а не со директива за прримена и АМСМ Скопје нема нема исntрумент на контрола ниту може да забрани АМД ,,Брегалница,, Берово самостојно да ги утврдува цените.

Со допис бр. 08-195/15од 21.06.2010 година АМД ,,Виница,, Виница достави изјаснување по наводите на Комисијата. Во дописот меѓу другото АМД ,,Виница,, Виница наведува АМД ,,Виница,, Виница е основано ХХХ година врз основа на тогаш важечките законски прописи по името АМД-Ванчо Прќе – Виница како општествена организација за ширење на техничка култура со свој посебен статут кој е во согласност со тогашниот Закон за општествени организации и здруженија на граѓани Сл весник на СРМ бр.13/90 при што од страна на МВР е донесено и решение УП.бр.ХХХ од ХХХ година.Со одлука на собранието на МД Ванчо Прќе бр.ХХХ од ХХХ година АМД Ванчо Прќе- Виница го смени својот назив во АМД- Виница- Виница.Со цел усогласување со позитивните законски прописи АМД-Виница-Виница на ХХХ година со Решение на Основен суд Виница е регистрирано ХХХ како здружение на граѓани АМД-Виница-Виница. Од страна на Републички завод за статистика АМД –Виница-Виница е распореден по ХХХ активности на деловни и работнички здруженија ХХХ.Со цел усогласување согласно Законот за здруженија и фондации АМД-Виница-Виница е регистрирано како посебен правен субјект со Решение на Централниот регистар на РМ ХХХ. Со цел повторно усогласување Законот за здруженија на граѓани и фондации АМД-Виница-Виница врши измени и ХХХ донесува статут на самотот друштво.Дополнително АМД ,,Виница,, Виница истакнува дека истото претставува посебен деловен субјект кој нема апсолутно никаква оргазициона врска со АМСМ-Скопје и истото е основано заради остварувањето на целите на здружените граѓани кои го основаат друштвото и кои за таа цел самостојно го донесуваат статутот преку органите на здружението наведени во статутот заради остварување, усогласување и заштита на заедничките интереси и потреби од областа на автомибилизмот,

моторциклизмот, туризмот и безбедноста на сообраќајот на патиштата.Согласно Законот на здруженија и фондации како и согласно статутот на АМД-Виница-Виница е непрофатибилна организација чие основање и функционирање е со единствена цел остварување и заштита на правата на членовите на истото кои доброволно пристапиле во членството на истото. АМД-Виница-Виница а со цел остварување, унапредување и збогатување на својата работа и активности, усогласување на посебната работа и интереси на своите членови во областа на автомобилизмот, моторциклизмот, туризмот, превентивата и безбедноста на сообраќајот на патиштата XXX склучува Договор за здружување на АМД во АМСМ при што АМД ,,Виница,, Виница наведува дека овој договор претставува и основа на АМД-Виница-Виница како посебен правен субјект кој врши дејности кои се со карактер на јавно овластување какоште се технички преглед на сите видови моторни и приклучни возила и регистрација на сите видови моторни возила итн и во ниту една одредба од споменатиот договор не е содржана одредба според која АМД ќе ги кординираат цените на извршените услуги а со цел елиминирање на нелојалната конкуренција и создавање на монополска положба на пазарот и во самиот договор јасно е видливо дека Авто мото друштвата а вклучително и АМД-Виница-Виница е апсолутно самостоен во поглед на давањето на услугата и самостоен во поглед на формирањето на цената на дадената услуга а врз основа на овој договор како можен давател на истата услуга на членовите на АМСМ на територијата на целата Република Македонија. Дополнително АМД ,,Виница,, Виница укаува дека њогласно статутот органите на АМД-Виница-Виница самостојно не обврзани со никаков договор донесуваат одлуки за донесување на ценовник за технички преглед на возилата.

Како надополнување на горе кажаното АМД ,,Виница,, Виница истакнува дека при определувањето на видот на услугите што ги дава АМД -то а од кои зависи и утврдувањето и висината на паричниот надоместок за извршената услуга трошоците поврзани за работењето на здружените, трошковите за одржување на просториите на здружението, трошоци за набавка и отплатата на опремата заради давањето на услугата како и трошоците за покривање на безплатните услуги кои што ги дава здружението на своите членови АМД-Виница-Виница преку стручните служби изготвува и предлог на финансиски план кој го доставува до органите на самото друштво предвидени во статутот на друштвото на усвојување.

АМД ,,Виница,, Виницана наведува дека согласно Законот за Здруженија на граѓани и фондации основно начело односно организациите не можат да се основаат за стекнување на добивка и самото здружение на граѓани во ЦРМ е регистрирано под XXX што здруженијата на граѓани и фондации не потпаѓаат под чл.3 од Законот за заштита на конкуренцијата каде што таксативно се

наброени правните облици над кои се применува законот а кое не што е во врска со чл.5 од истиот закон на оделните поими употребени во законот со самото значење на таквите поими па следствено и чл.7 ст.1 не може да се примени на АМД-Виница-Виница како Здружение на граѓани бидејќи не е опфатен како деловен субјект над кои може да биде применет чл.3 во врска со чл.5 од Законот за заштита на конкуренција.
Во прилог АМД ,,Виница,, Виница доставува

- Статут на АМД-Виница-Виница;
- Решение од ЦРМ XXX,
- Известување XXX,
- Решение XXX;
- Одлука за измени на статутот брXXX,
- Решение XXX;
- Решение XXX;
- Известување XXX;
- Предлог – XXX;
- Ценовник бр.05-158 од 05.08.2005 година;
- Одлука бр.03-157 од 31.07.2005 година;
- Ценовник бр.03-220 од 31.07.2006 година;
- Одлука бр.03-220 од 31.07.2006 година;
- Одлука за донесување на ценовник на технички преглед на возила бр.03-83 од 01.04.2003 година;
- Одлука за донесување на ценовник на технички преглед на возила бр.05-257 од 15.10.2009 година;
- Одлука за набавка на XXX.

Со допис бр. 08-195/11од 21.06.2010 година АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија достави изјаснување по наводите на Комисијата. Во дописот меѓу другото АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија наведува дека не сторил повреда на членот 7 од Законот за заштита на конкуренцијата. Имено АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија истакнува дека бројот на учесници на пазарот не е ограничен и дека технички преглед на моторни и приклучни возила може да врши правно лице овластено од министерот за внатрешни работи, доколку истото ги исполнува законски пропишаните услови и дека постои лојална конкуренција од голем број мали независни фирми при што ниту еден учесник напзарот не може да влијае на висината на цената. Понатаму АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија наведува дека цената за редовен технички преглед што ја применува АМСМ е само нето препорачана цена од АМСМ, и дека покрај цената за редовен технички преглед секое АМД самостојно утврдува и цена за пропратна услуга ( надоместок комплетирање на документација и надоместок за обрасци и материјали без кои не може да се наплати услугата за редовен технички

преглед,а кои се разликуваат од оние кои ги наплатува АМСМ со што и бруто цената за извршен технички преглед е сосема различна и во ниту една СТП не може да се добие услуга и да биде наплатен нето износ само за технички преглед туку во секоја СТП има дополнителни трошоци кои се различни. АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија во изјаснувањето исто така наведува и дека Одлуките на АМСМ Скопје се доставувани до АМД само за запознавање а не и со директива за апсолутна примена и дека АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија во целокупниот изминат период утврдувал сопствени цени кои како во нето така и во бруто износ се разликуваат од оние на АМСМ Скопје како и дека цената која ја применува АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија е непроменета подолг период. Дополнително АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија истакнува дека АМСМ Скопје нема инструмент за контрола ниту може да го забрани самостојното формирање на цените и дека никогаш не постоела договорена практика или одлуки помеѓу АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија и АМСМ за регулирање усогласување или фиксирање на цените за услугата за технички прегрд на моторни и приклучни возила. Исто така АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија наведува дека не е точна констатацијата дека техничкиот преглед не мора да се изврши во местото на живеење бидејки најблиската СТП во системот на АМСМ е на 50км (Струмица) односно 85 км (Кавадарци) и е економски неисплатливо за минимална разлика во цени (100денари) корисникот на услугата да патува толкаво растојание (имено трошоците би биле 500 -1 000 денари)

Со допис бр. 08-195/23 од 28.06.2010 година АМД ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци достави изјаснување по наводите на Комисијата. Во дописот меѓу другото АМД ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци наведува дека не сторил повреда на член 7 став 1точка 1 од Законот од причина што не учествувал во забранет договор, а пред се заради фактот дека бројот на учесници на пазарот не е ограничен и дека технички преглед на моторни и приклучни возила може да врши правно лице овластено од министерот за внатрешни работи, доколку истото ги исполнува законски пропишаните услови. АМД ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци исто така наведува дека покрај цената за технички преглед секое АМД наплатува и надомест за комплетирање на документација и надомест за обрасци и материјали без кои неможе да се наплати услугата за редовен технички преглед притоа овој надомест е различен од оној што го наплатува АМСМ и дека во ниту една станица за технички преглед не може да се добие само услугата технички преглед и да биде наплатен само износот за технички преглед туку дека во секоја станица има и дополнителни трошоци. Доплнително ова АМД истакнува дека одлуките од АМСМ Скопје се доставувани за запознавање, како и дека АМСМ Скопје нема инструмент за контрола ниту може да го забрани самостојното формирање на цените на Авто мото друштвата.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Со допис бр. 08-195/13од 21.06.2010 година АМД ,,Лопен,, Кочани достави изјаснување по наводите на Комисијата. Во дописот меѓу другото АМД ,,Лопен,, Кочани наведува дека не учествувал во забранет договор бидејки бројот на учесници на пазарот не е ограничен и дека технички преглед на моторни и приклучни возила може да врши правно лице овластено од министерот за внатрешни работи, доколку истото ги исполнува законски пропишаните услови. АМД ,,Лопен,, Кочани исто така наведува дека постои лојална конкуренција, односно не постои монопол и фирмите се прифаќачи на цени. Дополнително во дописот се наведува дека цената подолг временски период е непроменета сто е доказ за постоење на лојална конкуренција како и дека во целиот период од 2004 до 2010 год. Ова АМД носело свои ценовници а цените во нив биле утврдени врз основа на трошковен принцип, како и дека АМСМ Скопје нема инструмент за контрола ниту може да го забрани самостојното формирање на цените, што е очигледно бидејки цените на АМД ,,Лопен,, Кочани се повисоки од оние на АМСМ Скопје и дека одлуките за цената за услугата технички преглед се доставувани од страна на АМСМ Скопје до АМД за запознавање а не со директива за примена

Со допис бр. 08-195/16 од 21.06.2010 година АМД ,,Кичево,, Кичево достави изјаснување по наводите на Комисијата. Во дописот меѓу другото АМД ,,Кичево,, Кичево наведува дека нама учествувано во забранет договор со кој директно или индиректно се фиксираат цените на услугите за технички преглед. Дополнително АМД ,,Кичево,, Кичево истакнува дека бројот на учесници на пазарот не е ограничен и дека технички преглед на моторни и приклучни возила може да врши правно лице овластено од министерот за внатрешни работи, доколку истото ги исполнува законски пропишаните услови. АМД ,,Кичево,, Кичево исто така наведува дека постои лојална конкуренција од голем број мали независни фирми при што ниту еден учесник напзарот не може да влијае на висината на цената, туку тие се прифаќачи на цени и АМД ,,Кичево,, Кичево самостојно ги формирала цените во дадениот период додека одлуките кои биле доставувани од АМСМ Скопје биле доставувани за запознавање а не со директива за пррimena и АМСМ Скопје нема нема исntrument на контрола ниту може да забрани АМД ,,Кичево,, Кичево самостојно да ги утврдува цените.

Со допис бр. 08-195/9од 21.06.2010 година АМД ,,Охрид,, Охрид достави изјаснување по наводите на Комисијата во кое истакнува дека АМД ,,Охрид,, Охрид е здружение на граѓани и своето работење го остварува согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации и работењето на АМД ,,Охрид,, Охрид треба да се гледа низ призмата на Законот за здруженија на граѓани и фондации. Дополнително АМД ,,Охрид,, Охрид истакнува дека воо своето

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

работење применувало сопствени ценовници и дека тврдењето на Комисијата ценовникот на АМД ,,Охрид,, Охрид е идентичен со ценовникот на АМСМ Скопје не значи дека се примнувал истиот ценовник, односно во својата одлука за утврдување на цените за технички преглед АМД ,,Охрид,, Охрид не се повикува дека за наведената услуга ке се примнува ценовникот на АМСМ Скопје и дека во конкретниот случај не постои повреда на Законот за заштита на конкуренцијата.

Со допис бр. 08-195/22од 28.06.2010 година АМД ,,Прилепец,, Прилеп достави изјаснување по наводите на Комисијата. Во дописот меѓу другото АМД ,,Прилепец,, Прилеп наведува дека не учествувал во забранет договор бидејки бројот на учесници на пазарот не е ограничен и дека технички преглед на моторни и приклучни возила може да врши правно лице овластено од министерот за внатрешни работи, доколку истото ги исполнува законски пропишаните услови. Доплнително ова АМД истакнува дека одлуките од АМСМ Скопје се доставувани за запознавање а не за директна примена како и дека АМД ,,Прилепец,, Прилеп самостојно ги утврдувал цените врз основа на трошковен принцип.

Со допис бр. 08-195/19од 21.06.2010 година АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип достави изјаснување по наводите на Комисијата во кое истакнува дека АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип не сторил повреда на член 7 од Законот за заштита на конкуренцијата пред се поради фактот што АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип е здржение на граѓани, а исто така и поради фактот што бројот на учесници на пазарот не е ограничен и технички преглед на моторни и приклучни возила може да врши правно лице овластено од министерот за внатрешни работи, доколку истото ги исполнува законски пропишаните услови. Допоолнително АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип наведува дека цело време донесувало свои Одлуки за висина на сопствените услуги, односно ценовник и цените за технички преглед се формирани согласно потребите и условите на пазарот. Дополнително АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип доставува подоатоци за извршени технички прегледи при што констатира дека дел (околу10%) од возилата кои се од регистарското подрачје на Пробиштип технички преглед извршиле надвор од Пробиштип, а приближно ист толкав процент на возила кои се ндвор од регистарското подрачје на Пробиштип извршиле технички преглед во СТП во Пробиштип.Исто така во изјаснувањето АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип наведува дека комуникацијата помеѓу АМСМ Скопје и АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип треба да се смета единствено како дел од запознавање на активностите на другиот а не и како договор или договорена практика.

Во прилог е доставен список на иматели на возила надвор од регистрационото подрачје на Пробиштип кои извршиле технички преглед на возилата во СТП на

АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип, како и потврда бр. 742541 и бр. 00758 за платен технички преглед и регистрација на возила.

Со допис бр. 08-195/14од 21.06.2010 година АМД ,,Стрела,, Струмица достави изјаснување по наводите на Комисијата во кое истакнува дека АМД ,,Стрела,, Струмица не сторил повреда на член 7 од Законот за заштита на конкуренцијата, односно не чуествувало во забранет договор од повеќе причини, имено бројот на учесници на пазарот не е ограничен и технички преглед на моторни и приклучни возила може да врши правно лице овластено од министерот за внатрешни работи, доколку истото ги исполнува законски пропишаните услови, понатаму на пазарот постои лојална конкуренција од голем број мали независни фирми при што ниту еден учесник напзарот не може да влијае на висината на цената, туку тие се прифаќачи на цени, како и фактот дека цените подолг временски период се непроменети. Понатаму АМД ,,Стрела,, Струмица истакнува дека тоа самостојно ги формира цените во дадениот период додека одлуките кои биле доставувани од АМСМ Скопје биле доставувани за запознавање а не со директива за прримена и АМСМ Скопје нема иснтрумент на контрола ниту може да забрани АМД самостојно да ги утврдуваат цените.

Со допис бр. 08-195/18од 21.06.2010 година АМД ,,Струга,, Струга достави изјаснување по наводите на Комисијата во кое истакнува дека АМД ,,Струга,, Струга нема учествувано во забранет договор со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возил и наведува дека бројот на учесници на пазарот не е ограничен и технички преглед на моторни и приклучни возила може да врши правно лице овластено од министерот за внатрешни работи, доколку истото ги исполнува законски пропишаните услови, и дека на пазарот постои лојална конкуренција од голем број мали независни фирми при што ниту еден учесник напзарот не може да влијае на висината на цената, туку тие се прифаќачи на цени. Понатаму АМД ,,Струга,, Струга наведува дека цените подолг временски период се непроменети и дека АМД ,,Струга,, Струга самостојно ги формира цените во дадениот период додека одлуките кои биле доставувани од АМСМ Скопје биле доставувани за запознавање а не со директива за прримена и АМСМ Скопје нема иснтрумент на контрола ниту може да забрани АМД самостојно да ги утврдуваат цените.

Со допис бр. 08-195/12од 21.06.2010 година АМД ,,Тетово,, Тетово достави изјаснување по наводите на Комисијата во кое истакнува дека АМД ,,Тетово,, Тетово е здружение на граѓани а не претпријатие или здржение на претпријатија што значи дека Законот за заштита на конкуренцијата не ги третира ваквите субјекти, при тоа АМД ,,Тетово,, Тетово наведува и дека ова АМД самостојно ги носи ценовниците и дека во сверата на нивното

дејствување постои конкуренција бидејки има и други учесници на анведениот пазар.
Во прилог АМД „Тетово„ Тетово доставува и
-Статут на АМД „Тетово„ Тетово
- Одлука за усвојување на ценовник за услуги 0202-07/05 од 28.01.2005 и
- Одлука за усвојување на ценовник за услуги 0202-075/12 од 8.05.2006

Со допис бр. 08-195/21 од 28.06.2010 година АМД „Штип„ Штип достави изјаснување по наводите на Комисијата во кое истакнува дека не се согласува со констатираните забелешки од страна на Комисијата дека АМД-та од Р. Македонија меѓусебно ги усогласувале ценовниците во насока на сторување на повреда од чл.7 ст.1 од Законот за заштита на конкуренцијата. Дополнително АМД Штип истакнува дека тоа е Здружение на граѓани кое е формирано во согласност со Законските прописи кои важеле во времето на формирањето и истото поради остварување на заеднички интереси е здружено и со други АМД на ниво на Р. Македонија преку АМСМ Скопје и дека соработката помеѓу АМД низ цела Македонија се состои во превземање одредени заеднички мерки за олеснување на работата и комуникацијата со надлежните државни органи и со странките, соработка во делот на набавка на опрема и нејзино одржување, настапување пред државните органи кога треба да се донесуваат прописи од значение за сите и сл., но не постои ниту една активност за донесување на унифициран ценовник кој ќе биде задолжителен за сите. Одредени препораки не можат да се сметаат за задолжителна цена туку истите значат само меѓусебна соработка за подобрување на услугите, што значи дека не постои задолжителна цена кон која треба да се придржуваат сите вршители на услугата.Исто така АМД Штип наведува дека тоа со ништо не го повредува правото на конкуренцијата. Цената за технички преглед ја формира во согласност со потребите и условите на пазарот. Истакнува дека во Општина Штип во моментот има четири станици за технички преглед. Покрај АМД Штип, технички преглед вршат и Здружение на возаши, ДИРО, како и една новоизградена станица која деновиве се очекува да отпочне со работа.

АМД Штип во прилог доставува

- Потврда бр. 742541 од 16.06.2010 година издадена од АМД Пробиштип
- копија од потврда бр. 00758 од 02.05.2010 година издадена од СТП Еуро Контрол
- фактура бр. 021430 од 14.06.2010 година издадена од АМД Кочани
- слики од СТП во Штип
- признаница бр.01-10/01264 од 16.06.2010 година издадена од ЗВ Штип
- Ценовник бр. 0101-15/1 од 01.01.2009 година на АМД Штип

На 06.07.2010 година АМД Тетово достави дополнување на изјаснувањето бр. 08-195/24. Во дополнувањето АМД Тетово наведува дека КЗК во својот Заклучок за поведување постапка против АМД Тетово, се повикува на член3 ст.2 алинеа 3 и чл.7 ст.1 од ЗЗК, АМД Тетово испраќа дополнение на своето писмено известување и укажува на тоа дека правните субјекти утврдени во чл.7 ст.1 воопшто не соодветствуваат, ниту пак можат да се поистоветат со правните субјекти наброени и утврдени во чл.3 ст.2 алинеа 3. Оттука, АМД Тетово смета дека овие две одредби од ЗЗК воопшто не треба да бидат ставени во корелација и да се употребуваат како заеднички правен основ за отпочнување на наведената постапка.АМД Тетово понатаму наведува дека АМД Тетово е здружение на граѓани кое е основано и регистрирано согласно Законот за задруженија на граѓани и фондации, и воопшто не е опфатено со ниту една од наведните одредби во ЗЗК. Имено, според чл.3 ст.2 алинеа 3 кој вели дека “правни и физички лица коишто согласно со закон и други прописи им е доверено извршување на услуги од општ економски интерес или имаат потребни и ексклузивни права или концесии...”, АМД Тетово е невладина организација, здружение на граѓани на кое класичен орган на државна управа- Министерство за внатрешни работи (МВР) му има доверено вршење на јавно овластување или овластување од јавен интерес, а станува збор за вршење на технички преглед на возила што не претставува никаква услуга од општ економски интерес, туку претставува општозадолжителна обврска за граѓаните на Р. Македонија која е во надлежност на Министерството за внатрешни работи, кое пак, со посебно решение ја има делегирано врз неколку субјекти, а еден од нив е АМД Тетово. Исто така, според АМД Тетово, Комисијата не би смеела да ги третираат надлежностите на МВР, како законодавен орган на државната управа, како “вршење на услуги од општ економски интерес”, како што е утвредено во чл.3 ст.2 алинеа 3 од ЗЗК. АМД Тетово како поткрепа на своето размислување дополнува дека зголемувањето на ефикасноста и перформансите на јаваната, пред се, државната управа се повеќе се остварува со делегација или дисперзија на нејзините законски надлежности за кои приватниот или пак невладиниот сектор покажуваат подобри резултати, но тоа никако не треба да значи дека делегирањето на државните надлежности може и треба да се смета за остварување на “економски интереси”, туку, тоа се врши пред се заради подобро пружање на јавните услуги односно вршење на јавната служба. Исто така, повикувањето на чл.7 ст.1 е апсолутно неоправдано за конкретната работа. Воедно, АМД Тетово мисли дека Комисијата не би требало да се повикуваат на законски одредби кои се надвор од опфатот на пасивната странка во управната работа. Односно, во конкретниот случај, АМД Тетово, ниту е претпријатие, ниту пак здружение на претпријатија, туку здружение на граѓани, кое под ниту едни околности и толкувања не би можело да се дефинира како “претпријатие” или “здружение на претпријатија”.АМД Тетово смета дека при дефинирање на

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

поимите би требало да се земат во предвид и и одредбите од Законот за здруженија на граѓани и фондации и Законот за трговските друштва.

Според сознанијата на АМД Тетово, критериумот за утврдување на цените за вршење на јавни услуги се утврдуваат само со закон и понзаконски акт на органот кој го пренесува овластувањето за вршење на одредена јавна услуга, која изворно е во законска надлежност на тој орган. Бидејќи не постои соодветна законска регулатива, тарифник или друг подзаконски акт на МВР со кој би се утврдувала цената на оваа јавна услуга, АМД Тетово тргна од уставната претпоставка дека “се што со закон не е забрането е дозволено” и затоа цената за наплата на услугата технички преглед на возила ја утврди согласно реалната цена на чинење на услугата. АМД Тетово покажа отвореност и спремност веднаш штом државниот орган на управата кој го издава решението за ова јавно овластување (МВР) ќе утврди критериум за формирање на цената или тие цени ќе бидат содржани во било кој законски акт или подзаконски пропис, задолжително да постапи по истиот/те. Дотогаш, сметаат дека се слободни и со ниту еден правен акт не се ограничени самите да ја формираат и утврдат цената на чинење на своите услуги.

**<u>Член 7 став1 од Законот за заштита на конкуренцијата</u>**

Согласно членот 7 став (1) од Законот забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуките на здруженијата на претпријатија и договорена практика чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување или го ограничуваат или го контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите.

Комисијата посочува дека критериумите за утврдување на постоење на договор во смисла на член на член 7 став (1) од Законот се пошироки отколку што се на пример критериумите за утврдување на постоење на договор согласно законот за облигациони односи. Имено, согласно ЗЗК, договор може да постои и кога помеѓу учесниците постои договорена практика, односно кога тие се придржуваат до заедничко однесување кое го ограничува или постои веројатност да го ограничи нивното индивидуално однесување, преку одредување на границите на нивното заедничко дејствување или воздржување од дејствување на пазарот. Во ваков случај не е неопходно да постои договор во пишана форма ниту формалности и договорени санкции или мерки за извршување.

За потребите на член 7 став (1) самото однесување може да биде доказ за договор при што доволно е претпријатијата само да ја изразиле својата заедничка намера да се однесуваат на пазарот на одреден начин. Иако член 7 прави разлика помеѓу концептот на ”договорена практика”,“договори склучени

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

помеѓу претпријатија” и ”одлуки на здржениjа на претпријатија” целта е со забраната од член 7 да се опфатат формите на соработка помеѓу претпријатијата со кои, и без постигнување на стадиум на потпишување на формален договор, претпријатијаат свесно ја замениле состојбата на конкуренција со меѓусебна практична соработка. Оттука не е неопходно, особено во случаи на комплексни повреда кои траат долг период, Комисијата да го карактеризира однесувањето единствено како една или друга форма ( договор или договорена практика) на забрането однесување. Концептите на договор и договорена практика се флуидни и може да се преклопуваат. Реално може да биде и невозможно да се направи таква дистинкција, бидејќи повредата може да ги содржи секоја од формите на забрането однесување, додек гледано изолирано некои од манифестациите на повредата можат точно да бидат опишани како еден или друг вид на повреда. Поради ова повредата на член 7 може во исто време да биде и договор и договорена практика.

Дополнително, во случаите кога усогласувањето настанува на редовна основа и за време на долг период претпријатијата кои учествуваат во такво усогласување и остануваат активни на пазарот ги имаат предвид податоците разменети со конкурентите при определувањето на нивното сопствено однесување на пазарот. Во овој случај таквата усогласена (договорена) практика сама по себе е опфатена со членот 7 став (1) од Законот дури и кога не постојат конкретни антиконкурентски ефекти на пазарот.

Секое претпријатие мора самостојно да ја одредува својата комерцијална политика која има намера да ја спроведе на пазарот. Иако ова барање за независност не го ускратува правото на претпријатијата свесно да се приспособуваат на постојното или предвиденото однесување на нивните конкуренти, тоа стриктно забранува било какви директни или индиректни контакти помеѓу претпријатијата чија цел или последица е било да влијаат врз пазарното однесување на постоен или потенцијален конкурент или да му го откријат на конкурентот своето идно однесување на пазарот.

Законот за заштита на конкуренцијата изрично забранува претпријатија, односно здруженија на претпријатија да учествуваат во договори и/или договорни практики, односно здруженијата на претпријатија да донесуваат одлуки со кои директно се фиксираат продажните цени на стоките и услугите кои ги нудат претпријатијата, бидејќи таквото договарање помеѓу учесниците на пазарот за еден од најзначајните параметри на конкуренцијата – цената е спротивно на основното правило на слободната конкуренција според кое учесниците на пазарот треба самостојно и независно едни од други да ги носат одлуките за своето однесување на пазарот и самостојно да го сносот ризикот за успехот, односно неуспехот од таквото однесување. Оттука, таквите

одговори, односно одлуки имаат за цел нарушување на конкуренцијата и истите не можат да бидат оправдани ниту да бидат предмет на групно или поединечно изземање и претставуваат една од најтешките повреди на правилата за заштита на конкуренцијата утврдени во Законот за заштита на конкуренцијата.

Оттука, а врз основа на доказите, прибавени во текот на постапката, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба

**1 Опис на повредата од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата**

Овластувањата од јавен карактер за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила, АМСМ Скопје ги врши директно (преку станиците за технички преглед во негова сопственост до 01.05.2009 година, а по овој датум преку своето зависно друштво ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје) и посредно преку потписниците на Договор за извршување на јавни овластувања -АМД кои ги исполнуваат условите предвидени во прописите со кои се уредуваат односните области, а на кои го пренесува непосредно добиеното овластување.

АМД се членки на АМСМ Скопје. АМСМ Скопје склучувал Договор за извршување на јавни овластувања со АМД, врз основа на кој АМД се согласува да ги извршува јавните овластувања на АМСМ Скопје во согласност со Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата, други подзаконски акти на државните органи и наведениот Договор.

Комисијата утврди дека АМД-членки на АМСМ Скопје се посебни претпријатија во смисла на член 5 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата бидејќи, иако истите формално се регистрирани како здруженија на граѓани, во суштина претставуваат правни лица кои се ангажирани во водење, односно кои вршат типично економска активност-давање на услуга на технички преглед на возила за граѓаните кои вршат регистрација на своите возила. Притоа, АМД за вршењето на оваа услуга наплатуваат надомест од граѓаните што претставува промет на услуги, поради што вршењето на услуга на технички преглед на возила претставува економска активност во смисла на член 5 став (1) точка 5) од Законот за заштита на конкуренцијата, а АМД претставуваат претпријатија во смисла на член 5 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466* www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Во таа насока, сосема ирелевантно е за каква цел се користи остварената добивка на АМД, односно дали таа се дели помеѓу основачите на АМД или во целост се користи за унапредување на работењето на АМД.

Притоа, во севкупниот правен и деловен промет АМД -членки на АМСМ Скопје имаат статус на самостојни деловни субјекти, односно не се агенти на АМСМ Скопје, ниту, пак, се сопственички поврзани со АМСМ Скопје така што, за потребите на Законот за заштита на конкуренцијата, не претставуваат поврзани претпријатија и секое одделно АМД-член на АМСМ Скопје и самиот АМСМ Скопје претставува посебно претпријатие во смисла на член 5 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Бидејќи АМД-членки на АМСМ Скопје се претпријатија во смисла на член 5 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, следствено АМСМ Скопје претставува здружение на претпријатија во смисла на член 5 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата, а како здружение на претпријатија истовремено претставува и претпријатие во смисла на член 5 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Од сето горенаведно, произлегува дека АМД-членки на АМСМ Скопје се претпријатија кои својата дејност треба да ја вршат независно едно од друго и самостојно да делуваат на пазарот.

Во член 42 од Статутот на АМСМ Скопје како една од надлежностите на Претседателството на АМСМ Скопје е наведена и дека тој донесува одлука за висината на услугите во вршењето на јавните овластувња.

АМСМ Скопје ги донел следните одлуки:

- Одлука за донесување на ценовник за услуги на СТП на АМСМ Скопје бр.15-4166/1 од 26.07.2005 година( во член 3 е наведено дека ценовникот се применува од 01.08.2005 година) како и Ценовник за технички прегледна моторни и приклучни возила бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година, кој е оставен дел на наведената Одлука.
- Одлука за донесување на ценовник за технички преглед на возила бр.03-4135 од 11.07.2006 година( во член 3 е наведено дека истата се применува од 01.08.2006 година) како и Ценовник за технички прегледна моторни и приклучни возила бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година, кој е оставен дел на наведената Одлука.

Вака донесените одлуки АМСМ Скопје требал да ги користи единствено во своите станици за технички преглед (СТП), но АМСМ Скопје вака донесените Одлуки и Ценовници ги препраќал до сите АМД – членки на АМСМ: АМД ,,Брегалница,, Берово, АМД ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола, АМД ,,Виница,, Виница,

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија, АМД ,,Гостивар,, Гостивар, АМД ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци, АМД ,,Кичево,, Кичево, АМД ,,Лопен,, Кочани, АМД ,,Киро Бурназ,, Куманово, АМД,,Охрид,, Охрид, АМД ,,Прилепец,, Прилеп АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип АМД ,,Струга,, Струга, АМД ,,Стрела,, Струмица, АМД ,,Тетово,, Тетово, АМД ,,Штип,, Штип. По добивање на наведените одлуки, наведените АМД, освен АМД ,,Киро Бурназ,, Куманово, истите ги применувале, во периодот за кој е утврдено времетраење на повредата, во целост и при тоа или воопшто не носеле свои одлуки за висината на цената на техничкиот преглед на моторни и приклучни возила или носеле сопствени одлуки идентични со оние содржани во ценовниците на АМСМ Скопје, односно нивните одлуки и ценовници претставуваат само потврда на одлуките и ценовниците на АМСМ Скопје.

Во прилог на ова е фактот дека на барањата на Комисијата АМД – членки на АМСМ Скопје да достават податоци за висината на цената на технички преглед на моторни и приклучни возила, во дописите доставени до Комисијата како одговор на барањата одредени АМД доставија единствено одлуки на АМСМ Скопје и тоа: АМД ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола, АМд ,,Виница,, Виница и АМД ,,Стрела,, Струмица. Додека одредени АМД доставија копии од одлуки на АМСМ Скопје, но исто така и копии од свои одлуки и ценовници кои ги носеле, а кои за периодот во кој односното АМД учествувало во повредата на Законот за заштита на конкуренцијата биле исти со цените содржани во одлуките и ценовниците на АМСМ Скопје односно претставуваат само потврда на цените содржани во одлуките на АМСМ и тоа: АМД ,,Дичо Панов,, Гевгелија, АМД ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци,, АМД Охрид,, Охрид и АМД ,,Прилепец,, Прилеп). Одредени АМД пак (АМД ,,Брегалница,, Берово АМД ,,Гостивар,, Гостивар,, АМД Кичево,, Кичево, АМД ,,Лопен,, Кочани АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип АМД ,,Струга,, Струга, АМД,,Тетово,, Тетово и АМД ,,Штип,, Штип.

Комисијата утврди дека поради географската близина на определени станици на технички преглед во владение на определени АМД-членки на АМСМ Скопје, како и поради законско решение кое нормира дека само регистрацијата, но не и техничкиот преглед на моторното возило мора да се изврши во местото на живеење на сопственикот на возилото, сосема е возможно доколку цените кои ги наплатуваат различните АМД доволно се разликуваат меѓусебе, економски да е исплатливо за сопствениците на возила да вршат технички преглед на своите возила во станици за технички преглед кои се наоѓаат надвор од нивното место на живеење, односно да вршат користењето на услугите за технички преглед на АМД надвор од нивното место на живеење.

Согласно член 3 став 2 алинеа 3 од Законот за заштита на конкуренцијата, истиот се применува на правните и физичките лица на кои што согласно закон или други прописи им е доверено извршување на услуги од општ економски

интерес или имаат посебни ексклузивни права или концесии, освен во случаите кога примената на одредбите од законот би го спречило извршувањето на надлежностите утврдени со закон или за кои што тие субјекти се основани.

Во конкретниот случај, АМСМ Скопје и АМД-членки на АМСМ Скопје и навистина имаат посебни права во смисла на член 3 став (2) алиена 3 од Законот за заштита на конкуренцијата (чие што правилно вршење е од јавен интерес), меѓутоа доследното почитување на одредбата од член 7 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата во ниту еден момент не го спречува извршувањето на надлежностите на АМСМ Скопје и АМД-членки на АМСМ Скопје, утврдени со закон, односно за кои што тие се основани.

Имено, апсолутно не е неопходно цената на техничкиот преглед за сите АМД да се утврдува од страна на АМСМ Скопје за да се обезбеди вршењето на јавните овластувања на АМСМ Скопје и да се обезбеди истото да се врши на законит начин, бидејки цената за вршењето на услугата технички преглед е чисто економска категорија, која треба да биде утврдена одделно од секој субјект кој делува на пазарот, врз основа на трошковен принцип и да ја рефлектира ефикасноста и успешноста на субјектот во обезбедувањето на наведената услуга.

## 2. Времетраење на повредата од 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата

АМСМ Скопје сторило повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од од 26.07.2005 година (кога АМСМ Скопје го донел Ценовникот бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година) до денот на доставување на ова известување.

Имено АМСМ Скопје и лицето Димитар Миновски (генерален секретар на АМСМ Скопје) на 11.06.2008 година го основале ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје, како друштво кое работи и оперира со станиците за технички преглед кои претходно биле во сопственост на АМСМ Скопје. Од 01.05.2009 година, ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје добило овластување од Министерството за внатрешни работи за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила. И по овој датум авто мото друштвата - членки на АМСМ Скопје продолжуваат да ги применуваат цените за технички преглед утврдени од АМСМ Скопје со Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни

возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година, што значи дека забранетиот договор помеѓу АМСМ Скопје и авто мото друштвата - членки на АМСМ Скопје продолжува да трае и откако АМСМ Скопје престанува директно и непосредно да врши обезбедување на услугата – технички преглед на моторни и приклучни возила, туку наведената услуга продолжува да ја обезбедува посредно преку станиците за технички преглед кои поминуваат во сопственост на неговото зависно друштво ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје.

АМД ,,Брегалница,, Берово – сторило повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од од 15.08.2005 година до денот на доставување на ова известување.

На 15.08.2005 година, АМД ,,Брегалница,, Берово донела Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила бр. 11/05 од 15.08.2005 година чии цени се исти со цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година. Со ваквата практика на примена на цените за технички преглед утврдени од АМСМ Скопје, АМД ,,Брегелница,, Берово продолжила и во наредниот период при што на 26.07.2006 година АМД ,,Брегалница,, Берово донела Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила бр. 14/06. Наведениот ценовник, освен во ставката цена на технички преглед за автобуси е ист со цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.На 24.10.2008 год. АМД ,,Брегалница,, Берово достави допис до Комисијата во кој ги доставува и цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила од периодот 2007-2008 година. При тоа цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила во наведениот ценовник на АМД ,,Брегалница,, Берово е ист со цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила наведени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година. На 26.11.2009 година АМД ,,Брегалница,, Берово до Комисијата достави ценовник за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила за периодот 2008-2009 година при што цените за технички преглед во наведениот ценовник на АМД ,,Брегалница,, Берово е идентичен со цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

АМД ,,Ѓорѓи Наумов,, Битола сторило повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од од 01.08.2005 година (од 01.08.2005 година стапил во сила Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година кој АМД „Ѓорѓи Наумов„ Битола го применувало во своето работење) до денот на доставување на ова известување.

АМД „Виница„ Виница, сторило повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од од 01.08.2005 година (од 01.08.2005 година стапил во сила Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година кој АМД „Виница„ Виница го применувало во своето работење) до денот на доставување на ова известување.

АМД „Дичо Панов„ Гевгелија, сторило повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од од 01.08.2005 година (од 01.08.2005 година стапил во сила Ценовникот на АМСМ бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година кој АМД „Дичо Панов„ Гевгелија го применувало во своето работење) до денот на доставување на ова известување. Иако АМД „Дичо Панов„ Гевгелија донел своја Одлука за утврдување на Ценовник на услугите што ги издава АМД „Дичо Панов„ Гевгелија бр. 946/4 од 18.09.2009 год. како и Ценовникот на услуги во АМД „Дичо Панов„ Гевгелија, цените во делот редовен технички преглед со вклучен ДДВ се исти со цените за редовен технички преглед (бруто –цени со вклучен ДДВ) утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

АМД „Гостивар„ Гостивар, сторило повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од 03.01.2007 година до денот на доставување на ова известување.

Имено цените за редовен технички преглед кои АМД „Гостивар„ Гостивар ги применувало од 2005 година па се до 03.01.2007 година се разликувале од цените утврдени од страна на АМСМ Скопје во Ценовникот на бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година и во Ценовникот бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година 2006 година. На 03.01.2007 година АМД „Гостивар„ Гостивар донело нов Ценовникот за услуги за техничкиот преглед и комплетирање на документација

на АМД ,,Гостивар,, Гостивар заведен под бр. 03-сл. Цените за редовен технички преглед во наведениот ценовник се исти со цените утврдени во ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-1435/1 од 1107.2006 година. Оваа практика на примена на цените за технички преглед утврдени од страна на АМСМ Скопје, АМД ,,Гостивар,, Гостивар ја продолжило и во наредниот период, имено

- на 27.10.2008 година АМД ,,Гостивар,, Гостивар донело Ценовникот за услуги за техничкиот преглед и комплетирање на документација на АМД ,,Гостивар,, Гостивар бр. 03-сл. При што цените за технички преглед на моторни возила во наведениот ценовник се исти со цените утврдени во Ценовникот на АМД ,,Гостивар, Гостивар за 2007 година, односно со цените утврдени во ценовникот на на АМСМ Скопје бр. 03-1435/1 од 1107.2006 година, а се разликуваат единствено во ставката за патнички возила, која е пониска.

- на 10.02.2009 година АМД ,,Гостивар, Гостивар донел Ценовник за технички преглед по категории на возила, притоа цените во делот редовен технички преглед во одредени ставки се исти со цените за редовен технички преглед (нето) утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

<u>АМД ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци</u>, сторило повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од <u>од 01.08.2005 година (од 01.08.2005 година стапил во сила Ценовникот </u>на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година кој АМД ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци, го применувало во своето работење<u>) до денот на доставување на ова известување.</u>

Иако АМД ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци донел две свои Одлуки за донесување Ценовник за технички преглед на возила и административни услуги бр. Сл. Од 30.07.2006 година и бр.33 од 27.05.2008 година, како и Ценовник на АМД ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци од 30.07.2006 година и Ценовник на АМД ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци бр. 33 од 27.05.2008 година цените за технички преглед во наведените ценовници се исти со оние утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 годин.

<u>АМД ,,Кичево,, Кичево</u>, сторило повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од <u>од 01.08.2005 година </u>(како ден кога стапил на сила Ценовникот

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
*КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА*
*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Кичево,, Кичево со цени идентични со оние утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година. АМД ,,Кичево,, Кичево донело и Ценовник на АМД ,,Кичево,, Кичево за технички прегледи на моторни и приклучни возила кој стапува на сила од 01.08.2006година, цените за технички преглед на моторни возила во наведениот ценовник се исти со цените за вршење на технички преглед на моторни и приклучни возила утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година, како и ) до денот на доставување на ова известување.

АМД ,,Лопен,, Кочани сторило повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од од 28.07.2006 кога АМД ,,Лопен,, Кочани донело Ценовник на услуги во СТП и регистрација на моторни и приклучни возила со цени идентични со оние утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година) до денот на доставување на ова известување.

АМД ,,Охрид,, Охрид, сторило повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од од 01.08.2005 година (од 01.08.2005 година стапил во сила Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година кој АМД ,,Охрид,, Охрид, го применувало во своето работење, иако АМД ,,Охрид,, Охрид донело Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Охрид,, Охрид бр. 03-34 од 11.09.2006 година цените за технички преглед во наведениот ценовник се исти со цените за технички преглед содржани во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 год) до денот на доставување на ова известување.

АМД ,,Прилепец,, Прилеп сторило повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од од 01.08.2005 година (од 01.08.2005 година стапил во сила Ценовникот на АМСМ бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година кој АМД ,,Прилепец,, Прилеп, го применувало во своето работење) до 09.02.2009 година (како ден од кој ова АМД почнало со примена на нови цени-целосно различни од оние претходно утврдени од АМСМ Скопје , врз основа на Ценовник на

услуги во станицата за технички преглед на АМД ,,Прилепец,, Прилеп донесен на 06.02.2009 година)

АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип сторило повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од од 01.08.2005 ( на 01.08.2005 година АМД ,,Пробиштип,, Пробиштип донело Ценовник на услуги на АМД Пробиштип,, со цени за технички преглед идентични со оние утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година) до денот на доставување на ова известување.

АМД ,,Струга,, Струга, сторило повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од од 01.08.2005 (на 01.08.2005 година АМД ,,Струга,, Струга донело Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Струга,, со цени идентични со оние утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година до денот на доставување на ова известување.

АМД ,,Стрела,, Струмица, сторило повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од од 01.08.2005 година (од 01.08.2005 година стапил во сила Ценовникот на АМСМ бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година кој АМД ,,Стрела,, Струмица го применувало во своето работење) до денот на доставување на ова известување.

АМД ,,Тетово,, Тетово, сторило повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од 28.07.2005 ( на 28.07.2005 година АМД ,,Тетово,, Тетово донело Ценовник за технички преглед на моторни и приклучни возила со цени исти со оние утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година) до денот на доставување на ова известување.

АМД ,,Штип,, Штип, сторило повреда на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувало во забранет договор со

кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од 26.07.2005 (кога АМД ,,Штип,, Штип донело Одлука за донесување ценовник за извршена услуга за извршен технички преглед на сите видови моторни и приклучни возила со цени идентични со оние утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 годин) до денот на доставување на ова известување.

**3.Во постапката поведена по службена должност против** АМД ,, Киро Бурназ,, Куманово заради утврдување на постоење на забранет договор и/или договорена практика чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека истото не учествувало во забранет договор и/или договорена практика при вршење на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила, односно применувало различни цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила од оние кои ги применувале АМСМ Скопје и другите АМД. Имено цените утврдени во Ценовик за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Киро Бурназ,, Куманово бр. 56 од 23.07.2005 година и цените утврдени во Ценовик за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМД ,,Киро Бурназ,, Куманово бр. 49 од 20.07.2006 година се разликуваат од цените утврдени во Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 15-4166/2 од 26.07.2005 година и Ценовникот на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

4.**Во постапката поведена по службена должност против** ТД АМСМ УСЛУГИ СТП ДОО-Скопје заради утврдување на постоење на забранет договор и/или договорена практика чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека истото не учествувало во забранет договор и/или договорена практика при вршење на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила бидејќи истото е зависно друштво на АМСМ Скопје и претставува една економска целина со АМСМ Скопје и како такво имало право цените за технички преглед кои тоа ги носело да бидат идентични, односно да претставуваат потврда на цените кои АМСМ Скопје претходно ги имал утврдено во Ценовникот за технички преглед на моторни и приклучни возила на АМСМ Скопје бр. 03-4135/1 од 11.07.2006 година.

Имајќи ја предвид вака утврдената фактичка состојба, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

*Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин 6.6 (6 ти кат), 1000 Скопје*
*Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk*

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**